*Број: 02 - 5386/2*
*28.09.2010 година*
*С к о п ј е*

*ЗАПИСНИК*
**од LXXVIII -та седница на Управниот одбор на**
**Фондот за здравствено осигурување на Македонија,**

*одржана на 21.04.2010 година со почеток во 14.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

**Присутни членови на Управниот одбор:**

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член.*

**Отсутни членови на Управниот одбор:**

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

**Присутни од ФЗОМ:**

- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *М-р Маја Парнарциева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*

- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи (делумно присутен);*
- *Јасмина Смилевска, раководител на одделението за склучување на договори со здравствени установи (делумно присутна);*
- *Стојан Петрески, раководител на одделението за имотно правни работи (делумно присутен);*
- *Марија Јаневска, републички контролор во одделението за фармација (делумно присутна);*
- *Елена Тулевска, фармацевтски техничар во одделението за фармација (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*На седницата во врска со точката Одлука за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година присуствуваше и Д-р Марија Накова, претседател на Стоматолошката комора на Македонија.*

*Седницата ја отвори претседателката на Управниот одбор Елена Трпковска. Утврди дека на седницата се присутни шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го изложи претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
2. *Одлука за склучување на судски спогодби за одложено плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување;*
3. *Одлука за утврдување на формата и содржината на договор што Фондот за здравствено осигурување на Македонија го склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица;*
4. *Спогодби за унапредување на деловната соработка со АД Цар Самоил, Струмица и со Негорски Бањи;*
5. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*

6. *Одлука за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
7. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски;*
8. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓааат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
9. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
10. *Разно.*

*Потоа праша дали има други предлози во врска со дневниот ред на седницата.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова наведе дека под точката 4 ќе биде презентирана информација за соработката со АД Цар Самоил - Струмица и со Негорски Бањи па и точката треба да биде насловена Информација за деловната соработка со АД Цар Самоил - Струмица и со Негорски Бањи. Побара и да го запознае Управниот одбор со барањето на здравствената установа Албимини од Прилеп и барањето од осигуреничка од Охрид која во домашни услови се третира со хемодијализа, како и да се разгледа можноста за промоција на овој начин на добивање на услугата. Побара дневниот ред да се дополни и со разгледување на предлог за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарната стоматолошка здравствена заштита. Во врска со тоа ќе треба да се прошири и предлогот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување од точка 1 на дневниот ред. На крајот, предложи Управниот одбор да ги разгледа и да ги донесе и предлозите за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите и Одлуката за утврдување на референтни цени за превоз на дете во странство во болничката здравствена заштита. Ова се предлага заради изедначување на цените за превоз кога се работи за превоз на деца и возрасни.*

*Управниот одбор ги прифати овие предлози, по што едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
2. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарната стоматолошка здравствена заштита;*
3. *Одлука за склучување на судски спогодби за одложено плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување;*
4. *Одлука за утврдување на формата и содржината на договор што Фондот за здравствено осигурување на Македонија го склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица;*
5. *Информација за деловната соработка со АД Цар Самоил, Струмица и со Негорски Бањи;*
6. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
7. *Одлука за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
8. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски;*
9. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
10. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
11. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени за превоз на дете во странство во болничката здравствена заштита;*

12. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите;*
13. *Барање од здравствената установа Албимини од Прилеп;*
14. *Барање од осигуреничка од Охрид која во домашни услови се третира со хемодијализа;*
15. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

*ТОЧКА 1 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

*Лазар Трајчев објасни дека предложената измена на правилникот е во врска со измената на Законот за здравственото осигурување од 13 април, со која се изврши измена во начинот на пресметување на надоместокот на плата заради отсуство од работа поради породување. Законските измени се во насока да не се врши месечно усогласување на надоместокот со движењето на платите кај работодавачот. Со предложените измени во правилникот, се врши усогласување со законските измени.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова додаде дека со ова и работодавачите ќе се растоварат и ќе се забрза постапката за исплата на надоместоците. Потоа објасни дека другата измена вклучена во овој правилник се однесува на стоматологијата. Се предлага изборот на лекар стоматолог за осигурени лица до 18 годишна возраст да се врши кај превентивни стоматолошки тимови во јавните здравствени установи. За осигурени лица над 18 годишна возраст се предлага да се врши кај сите лекари стоматолози кои вршат општа стоматолошка пракса освен лекарите специјалисти по орална хирургија и ортодонција и други специјалисти кои вршат специјалистичка дејност. Здравствените услуги од областа на стоматолошката здравствена заштита кај избраниот лекар за осигурени лица до 18 годишна возраст се предвидува да се вршат кај превентивни стоматолошки тимови во јавните здравствени установи, а за осигурени лица над 18 годишна возраст кај сите лекари стоматолози кои вршат општа стоматолошка пракса освен лекарите специјалисти по орална хирургија и ортодонција и други специјалисти кои вршат специјалистичка дејност.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување***

*ТОЧКА 2 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарната стоматолошка здравствена заштита*

*По расправата во врска со точката 1 од дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе и*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарната стоматолошка здравствена заштита***

*ТОЧКА 3 - Одлука за склучување на судски спогодби за одложено плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување*

*Лазар Трајчев објасни дека со последните измени на Законот за здравственото осигурување е предвидена можноста Фондот да склучува судски спогодби со обврзниците за уплата на придонесот против кои се води судска постапка за наплата на придонесот со кои на обврзникот ќе му се овозможи главниот долг со пресметаната камата до денот на склучувањето на судската спогодба, да го плати одложено. Начинот на кој се врши одложеното плаќање се уредува со одлука на Управниот одбор на Фондот. Наведе и дека посебен проблем се јавните комунални претпријатија кои имаат долгови, а дилеми се јавуваат и за прашањето како да се постапува со различната висина на долг, односно на колку рати да се овозможува да се плаќа долгот. За ова треба Управниот одбор да одлучи и да се дефинира со одлука. Наведе и дека има должници со блокирана сметка кои нудат обезбедување за сметката да им биде деблокирана и со тоа да се овозможи плаќање на долгот на рати. Истакна дека дел од субјектите против кои се водат постапки за неплатен придонес, поради неможноста за плаќање на сите долгови отвораат стечајна постапка. На тој начин и Фондот побарувањето не може да го намири или не може да го намири во целост. Склучувањето на спогодба за плаќање на долгот на рати ја зголемува можноста и ваквите субјекти да го платат заостанатиот долг.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова додаде дека важно прашање е и дали да се издаваат потврди за платен придонес - сини картони за време на одложеното плаќање.*

*По излагањата на Лазар Трајчев и на директорката Парнарџиева - Змејкова, членовите на Управниот одбор го поддржаа донесувањето на одлука за уредување на плаќањето на заостанатиот долг на рати. Истовремено се заложија за време на плаќањето на ратите да се издаваат сини картони доколку субјектот уредно ги плаќа ратите на заостанатиот придонес како и тековниот придонес. Љубиша Каранфиловски и Елена Трпковска прашаа дали на субјектот кој ќе го плаќа долгот на рати ќе му биде пресметувана камата за време на плаќањето на ратите.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова одговори негативно, и додаде дека треба да се одлучи за бројот на ратите, односно за висината на ратата.*

*На крајот на расправата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за склучување на судски спогодби за одложено плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување***

*со која ги утврди условите под кои може да се склучуваат судски спогодби со тужени обврзници за плаќање на заостанат придонес за задолжително здравствено осигурување и бројот на ратите на кои заостанатиот придонес може да се плати.*

ТОЧКА 4 - *Одлука за утврдување на формата и содржината на договор што Фондот за здравствено осигурување на Македонија го склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица*

*Јасмина Смилевска објасни дека договорот за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита е во основа ист со другите договори со здравствените установи кои се порано усвоени. Новина која се воведува со него е можноста за усогласување на висината на надоместокот на три месеци. Во врска со Стоматолошкиот клинички центар го запозна Управниот одбор дека до Министерството за здравство биле упатени неколку дописи со барање на известување дали Стоматолошкиот клинички центар има дозвола за вршење на дејност од примарната стоматолошка здравствена заштита. Одговор немаме добиено па затоа е изготвен само договор за специјалистичка стоматологија.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на договор што Фондот за здравствено осигурување на Македонија го склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица***

*со која се утврди формата и содржината на договорот за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита.*

*ТОЧКА 5 - Информација за деловната соработка со АД Цар Самоил, Струмица и со Негорски Бањи*

*Лазар Трајчев го запозна Управниот одбор дека од страна на Негорски бањи до Фондот е упатена предлог спогодба како начин за решавање на судскиот спор кој неколку години е во тек. И од АД Цар Самуил со кој исто така е во тек повеќегодишен спор е најавена предлог спогодба, но истата сеуште не сме ја добиле. Идејата за завршување на споровите со спогодба е добра но треба да се разгледаат двата предлога за да се утврди дали тие се поволни за Фондот.*

*Управниот одбор во дискусијата што следеше го поддржа завршувањето на споровите со спогодба и истовремено побара предлозите темелно да се разгледаат и да се обезбеди максимална заштита на интересите на Фондот.*

*ТОЧКА 6 - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

*Објаснување по оваа точка даде Татјана Лукановска. Наведе дека на седницата одржана на ден 31.03.2010 година Управниот одбор на Фондот донесе одлука за определување на средства за склучување на нови договори со вкупно 20 нови приватни специјалистички здравствени установи во вкупен износ од 16,2 милиони денари со тоа што средствата за нивните надоместоци ќе се обезбедат со намалување на одобрените буџетски плафони на здравствените домови за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година. Врз основа на барањето, стручната служба на Фондот изготви предлог–пресметка за намалување на буџетите за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година на здравствените домови, врз основа на износот на фактурираните здравствени услуги во однос на буџетскиот плафон во 2009 година и нивното процентуално учество во вкупниот износ на помалку фактурирани здравствени услуги од страна на здравствените домови во 2009 година. При пресметувањето е земено предвид и кои од нив имаат инсулини. Додаде дека 7 јавни здравствени установи во целост го трошат буџетот па и повеќе од тоа на*

*плати. Покрај тоа укажа и дека за вршење на ребалансот односно распоредувањето на средствата, како правен проблем се јавуваат одредбите на подзаконските акти кои утврдуваат дека буџетите на јавните здравствени установи треба да се распоредат на дванаестинки - дванаесет месечни износи во годината. На крајот наведе дека членовите на Управниот одбор имаат на увид предлог-табела во која се содржани: износот на одобрените буџетски средства за 2009 година, износот на фактурираните услуги за 2009 година, процентот на учеството на одделните здравствени домови во вкупниот износ на помалку фактурирани здравствени услуги, предлог износот за намалување на буџетите за вториот, третиот и четвртиот квартал за 2010 година и предлог-износот на буџетите за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година со вклучено намалување којшто треба да се усвои од страна на Управниот Одбор.*

*Љубиша Каранфиловски укажа дека и Владата е запознаена дека утврдените буџетски плафони во голем дел, а кај некои установи и во целост одат на плати, материјални трошоци и потрошни материјали. Меѓутоа, за разлика од капитацијата на лекарите за која имавме предлог од Владата за намалување, за здравствените домови немавме такви директни препораки туку само укажувања дека се во трансформација. Но тоа е во фаза на анализа и не е оправдано сега да се прави намалување. Не е оправдано да се пренасочуваат средства од јавните здравствени установи кон приватните новоформирани установи.*

*По ова членовите на Управниот одбор расправаа за плановите на Министерството за здравство за трансформација на здравствените домови и во која фаза се наоѓаат. Потоа, претседателката на Управниот одбор Елена Трпковска побара членовите да се изјаснат по предложената одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година.*

*Елена Трпковска, Горан Коевски, Страшо Наумоски и Борис Јосифовски гласаа за, а Беким Сали и Љубиша Каранфиловски против предложената одлука.*

*На тој начин Управниот одбор со мнозинство гласови донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година***

*со која се извршија предложените измени на буџетските плафони на јавните здравствени установи.*

*ТОЧКА 7 - Одлука за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

*Објаснување и по оваа точка на дневниот ред даде Татјана Лукановска. Наведе дека согласно Законот за здравствено осигурување на Управниот одбор на Фондот се предлага договорениот надоместок за приватните здравствени установи кои вршат стоматолошка специјалистичко-консултативна здравствена заштита за вториот, третиот и четвртиот квартал 2010 година да се утврди на месечно ниво по тим во износ од 90,000 денари со намалена партиципација, или за периодот во вкупен износ од 810,000 денари. Фондот заради утврдување на договорениот надоместок за приватните здравствени установи кои вршат стоматолошка специјалистичко-консултативна здравствена заштита за вториот, третиот и четвртиот квартал 2010 година оствари поголем број на состаноци со претставници од Стоматолошката комора на кои беа разгледувани прашањата поврзани со видот и обемот на здравствените услуги, утврдените цени и предлозите за висината на договорениот надоместок. Меѓутоа, иако состаноците беа конструктивни, сепак не се постигна конечно усогласување за износот на договорениот надоместок. Согласно утврдените финансиски средства за ова дејност, а имајќи го во предвид зголемениот број на приватни здравствени установи кои вршат специјалистичко-консултативна стоматолошка здравствена заштита и зголемен број на тимови кои доставиле понуда за склучување на договор, на Управниот одбор се предлага средствата по тим на месечно ниво да останат во рамките на предходниот период. Со измената во договорите, поврзано со измената на законската регулатива според која партиципацијата е приход на здравствената установа, предлог договорениот надоместок е намален за просечниот износ на пресметаната партиципација од 10%. што практично значи дека износот од 100,000 денари месечно по тим, кој се исплатувал во предходниот период сега со намалена партиципација изнесува 90,000 денари.*

*По ова Д-р Марија Накова, претседател на Стоматолошката комора на Македонија наведе дека Комората одржала собрание на кое било расправано за надоместоците на стоматолозите специјалисти и биле донесени заклучоци. Согласно заклучоците, од Фондот побаравме забните техничари да бидат исклучени од тимот на протетичарите. Со оглед на бројот на орални хирурзи во земјата, ако само мал процент се намали од нив ќе може да се покријат протетичарите.*

*Директорот Јелникар укажа дека Фондот како купувач на здравствени услуги за осигурените лица, стои на ставот дека лекарот е оној кој ја дава услугата, а во рамките на утврдените средства тој може да ги распоредува и на неговите соработници неопходни за работењето.*

*Директорката Парнарџиева - Змејова пак наведе дека Фондот заедно со здружението направи напори и сметавме дека беше прифатено повеќе средства да им се даваат на оние специјалисти кои имаат поголеми трошоци. Изрази жалење што Стоматолошката комора со тоа не се согласи па мораме да продолжиме со буџетирањето како до сега.*

*Д-р Марија Накова ги објасни размислувањата на Стоматолошката комора по ова прашање и од нивна страна направените пресметки. Истакна дека таков став е завземен по темелна анализа имајќи ја во вид намерата да не се продуцираат судири помеѓу стоматолозите.*

*Со тоа расправата по оваа точка од дневниот ред заврши и Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година***

*ТОЧКА 8 - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова наведе дека Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски е во сила од 1 април 2010, но како проблем се појави неподготвеноста на здравствените установи за примена на новите цени. Тоа предизвика да продолжат фактурирањето да го прават на стариот начин. Фондот веќе спроведува обуки на здравствените установи за правилна примена на одлуката но се укажува потреба од пролонгирање на нејзината примена, односно нејзиното важење да биде од 1 мај 2010 година.*

*Потоа и директорот Јелникар се осврна на проблемите кои доведоа до бавна подготовка на здравствените установи за новиот начин на фактурирање.*

*Горан Коевски праша дали пролонгирањето на почетокот на важењето на одлуката ќе има финансиски импликации за Фондот а директорката Парнарциева - Змејкова одговори негативно.*

*По ова, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски***

*со која почетокот на важењето на одлуката се утврди на 1 мај 2010 година.*

*ТОЧКА 9 - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаaат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Стојан Петрески во врска со оваа точка од дневниот ред наведе дека комисијата на Фондот за референтни цени на лекови откако предлог референтните цени биле објавени на интернет страницата на Фондот и овластените субјекти доставија свои забелешки, доставува извештај до Управниот одбор. Во извештајот се најпрвин дадени корекции на забележаните технички грешки.*

*Потоа Марија Јаневска го елаборира извештајот по пристигнатите дописи/забелешки при што даваше објаснувања по табелите што се составен дел на извештајот и ги образложуваше предлозите за утврдување на референтни цени. Комисијата во извештајот забелешките и предлозите за утврдување на референтни цени ги систематизира според нивната природа. Најпрвин, се предлага да се извршат корекции на техничките грешки кои се забележани. Се предлага и да се извршат корекции заради настанати промени на единствените цени или издадени нови регистрациони решенија на лекови. Потоа, да се прифатат старите референтни цени за лековите за кои се доставени фармакоекономски студии а за кои во првата фаза на постапката не можеше да се утврди споредбена цена преку ниеден од изворите на податоци предвидени во правилникот. Со прифаќање на старите цени би се обезбедиле уште лекови без доплата. Во посебна група се систематизирани предлозите кои произлегоа од средбите на консултантот за референтни цени Тончи Бубле со носителите на решенијата за ставање во промет на готов лек, средби за кои беше овластен од Управниот одбор.*
*Директорката Парнарциева - Змејкова нагласи дека Фондот особено е заинтересиран да се зголеми бројот на лекови без доплата.*

*Потоа членовите на Управниот одбор поставуваа прашања за одделни лекови а претставниците на Фондот даваа одговори. На крајот, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓааат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која утврди нови референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***ТОЧКА 10*** *- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

*Елена Тулевска наведе дека откако беа утврдени квотите за аптеките беше утврдено дека се испуштени 5 аптеки а кај некои аптеки се настанати промени во бројот на стручниот кадар. Заради усогласување со реалната состојба се предлага да се извршат измени на првично утврдените квоти.*

*Потоа и директорката Парнарџиева - Змејкова според табелите од работните материјали објасни неколку карактеристични примери.*

*По објаснувањата од претставниците на Фондот, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година***

***ТОЧКА 11*** *- Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени за превоз на дете во странство во болничката здравствена заштита*

*Татјана Лукановска објасни дека во минатата година беше актуелен проблемот со трошоците за превоз на деца на лекување во странство. Заради уредување на тоа прашање беше донесена Одлука за утврдување на референтни цени за превоз на дете во странство во болничката здравствена заштита со која се утврди референтна цена на превозот. Оваа цена важи само за превоз на деца, а за превоз на возрасни лица плаќаме по километар врз основа на цената на бензинот. Сметаме дека ова не е правилно, па предлагаме да се изврши измена во одлуката како и во одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите на тој начин што утврдената цена за превоз на деца во странство да важи и за возрасни лица.*

*Управниот одбор го прифати објаснувањето по што едногласно ги донесе предложените*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени за превоз на дете во странство во болничката здравствена заштита***
*и*
***Одлука***
***за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите***

**ТОЧКА 12** - *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите*

*Предложената Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите, Управниот одбор ја донесе по расправата во рамките на точката 11.*

**ТОЧКА 13** - *Барање од здравствената установа Албимини од Прилеп*

*Директорката Парнарциева - Змејкова наведе дека здравствената установа Албимини, лабораторија од Прилеп бара од Фондот да и определи поголем договорен надоместок. Барањето го оправдуваат со услугите кои ги извршиле, а не биле земени предвид од Фондот при определувањето на висината на надоместокот. Меѓутоа, овие услуги се вршени без за тоа да биде известен Фондот согласно договорот помеѓу Фондот и Албимини, поради што според Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко - консултативната здравствена заштита по упат на избран*

*лекар, не постои можност овие услуги да се земат во вид. Би сакале Управниот одбор да биде запознаен со ова барање и постапувањето на стручните служби на Фондот по него.*

***ТОЧКА 14** - Барање од осигуреничка од Охрид која во домашни услови се третира со хемодијализа*

*Директорката Парнарциева - Змејкова го запозна Управниот одбор со барањето од осигуреничка од Охрид која самата инвестирала во создавање на услови за хемодијализа во својот дом и која бара Фондот да ги плаќа трошоците за извршените дијализи во домашни услови, како стекнато право од порано. Правото го остварила со одлука на Извршниот одбор на Собранието на некогашната Самоуправна интересна заедница за здравствена заштита на Општина Охрди од 1987 година. По трансформацијата на самоуправните интересни заедници во Фонд за здравствено осигурување, во 1992 година правото и е продолжено со решение на подрачната служба Охрид. Според Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, осигурените лица кои се третираат со хемодијализа истата ја остваруваат по правило во местото на живеење ако за тоа постојат услови, или во најблиската здравствена организација каде се врши хемодијализа. Од тоа произлегува дека третирањето со хемодијализа се врши само во здравствени установи и дека не е предвиден надоместок на трошоци за услуги направени во врска со третирање со дијализа во домашни услови. Инаку Фондот со одлука има утврдено референтна цена на здравствената услуга хемодијализен третман (4.855 денари) но оваа цена се однесува на третман извршен во здравствена установа. Фондот ќе го разгледа овој специфичен случај и ќе ја проучи можноста за уредување на изведувањето на хемодијализен третман во домашни услови.*

***ТОЧКА 15 -Разно***

*Бидејќи немаше предлози за разгледување под точката разно, по разгледувањето на точката 14 од дневниот ред, во 19.00 часот Управниот одбор заврши со работата на LXXVIII -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Заменик на претседателот,***
***Ирфан Хоџа***